Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Арх. бро.: 55-797/1
Датум:____.1.2025
21-01-2025

До:
Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
Бул. „Гоце Делчев“ бр.18-зграда на МРТВ кат 14, 1000 Скопје

Предмет:
Доставување на Годишен извештај за постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.1.2024 до 31.12.2024 година

Почитувани,

Генералниот секретаријат на Владата на ваше запознавање ви доставува, Годишен извештај за постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.1.2024 до 31.12.2024 година, евидентирани во Генералниот секретаријат.
Податоците во извештајот се приложени согласно одредбите на член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/2019).

Прилог: Годишен извештај за постапувања по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за периодот од 1.1.2024 до 31.12.2024

Со почит,

Игор Јанушев
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Р.С.М. бр.101/2019), Генералниот секретаријат на Владата, со седиште на бул.„Илинден“ бр.2, тел.(02) 3118 022, факс (02) 3116 785, претставуван од генералниот секретар Игор Јанушев, преку службените лица за информации од јавен карактер: Софија Брајковски и Даниел Николов, го подготвија следниот

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**(од 1.01.2024 до 31.12.2024)**

Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации: Софија Брајковски, sofija.brajkovski@gs.gov.mk, 078/388-474, Даниел Николов, daniel.nikolov@gs.gov.mk, 072/211-180.

2. Број на примени барања -63

3. Број на позитивно одговорени барања-60

Краток опис на содржината:

3.1. Предмет бр.46-33/1 од 2.1.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Специјална програма за преструктуирање на 25-те најголеми загубари од 1994/95 година

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-33/2 на 11.1.2024 со кое информира дека Владата на Република Македонија на 15 декември во 1993 година, донела Стабилизациона програма со бр.23-3471/1, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.4 на 31 јануари 1994 година. Во програмата помеѓу останатото се прикажани и начинот на вршење на структурните реформи на претпријатијата, односно преструктуирањето на претпријатијата (страници 104 и 105). Стабилизациона програма со бр.23-3471/1 на Владата на Република Македонија, донесена на 15 декември во 1993 година.

3.2. Предмет бр. 46-34/1 од 2.1.2024

Барател на информацијата: Здружение на граѓани за заштита на правата и интересите на вработените во државната администрација и заштита на државниот имот Праведни и Професионални Скопје

Барана информација:

1) Дали Владата има донесено одлука за исправка на Одлука за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, со која треба да се изврши исправка на Одлуката на Владата број 44-111846/3 од 10.12.2020 година, објавена во Службен весник број 296/2020.

2) Доколку има таква одлука да биде доставена копија.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-34/2 на 15.1.2024, со кое информира дека Владата нема донесено Одлука за исправка на Одлуката за давање согласност за набавка на недвижни ствари со непосредна спогодба, бр.44-11846/3 од 10.10.2020 година, објавена во Службен весник на РСМ бр.295/2020.

3.3.Предмет бр. 46-1039/1 од 18.1.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Копија од физибилити студија на АД Пошта на Северна Македонија, изработена од компанија Интерхолдинг

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно го доставил на надлежност со допис бр. 46-1039/2 на 25.1.2024 до АД Пошта на Северна Македонија.

3.4.Предмет бр. 46-1085/1 од 18.1.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Дали одлуката за избор на претседател и членови на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, донесена од Собранието на Р.С.Македонија со број 08-4999/1 од 29 август 2018, претрпела измени.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно со допис бр. 46-1085/2 на 25.1.2024 го доставил на надлежност до Собранието на РСМ.

3.5.Предмет бр. 46-1388/1 од 24.1.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Листа на избрани државни правобранители по градови од 2017-2023

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр.46-1388/2 од 2.2.2024, со листата на избрани државни правобранители за сите градови во наведениот период.

3.6.Предмет бр. 46-1455/1 од 25.1.2024

Барател на информацијата [redacted]

Барана информација: Доставување на делот за академскиот испит од предлог-Законот за средно образование (од 29.1.2024 на седница 221)

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на



РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-1455/2 од 8.2.2024, и го УВАЖИЛ барањето за информации, со следното образложение: Владата на седницата бр.221 одржана на 16.1.2024 година, го разгледала и утврдила текстот на предлогот на Законот за средно образование (согласно електронската документација на седниците на Владата од 29.01.2024 година) .

3.7.Предмет бр. 46-1917/1 од 1.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Деловник за работа на Влада и сите измени од 2001 до 31 јануари 2024

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-1917/2 од 8.2.2024, упатувајќи на достапноста на информацијата на линкот:https//www.slvesnik.com.mk/besplaten-pristap-do-izdanija.nspx и набројување на Службените весници во кои се дадени измените на Деловникот за работа на Владата, односно:38/01, 98/02, 9/03,47/03, 64/03, 67/03,51/06, 5/07, 15/07,26/07,30/07,58/07, 105/07,116/07,129/07, 157/07,29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16, 113/17, 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22.

3.8.Предмет бр. 46-2017/1 од 6.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Копија од Меморандумот за разбирање со цел соработка во борбата против дезинформации, потпишан меѓу САД и Република Северна Македонија на 9.5.2023, како и сите анекси на Меморандумот (македонска и англиска верзија)

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-2017/2 од 26.2.2024, со образложение дека Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, се обрати до Соединетите Американски Држави како втора страна потписник на наведениот меморандум, со барање на согласност за споделување на истиот, кој после доставувањето ќе биде доставен на запознавање.

3.9.Предмет бр. 46-2088/1 од 7.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Намалување на процентот на субвенција од 91, 51 на 82,4 % на сметките за електрична енергија-струја.

Статус: Бидејќи се работи за проблематика во домен на повеќе институции, како: Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, барањето е доставено на надлежност до наведените институции, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со допис бр.46-2088/2 од 15.2.2024.

3.10.Предмет бр. 46-2089/1 од 7.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Намалување на процентот на субвенција од 91, 51 на 82,4 % на сметките за електрична енергија-струја.

Статус: Бидејќи се работи за проблематика во домен на повеќе институции, како: Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, барањето е доставено на надлежност до наведените институции, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со допис бр.46-2089/2 од 15.2.2024.

3.11.Предмет бр. 46-2097/1 од 7.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Намалување на процентот на субвенција од 91, 51 на 82,4 % на сметките за електрична енергија-струја.

Статус: Бидејќи се работи за проблематика во домен на повеќе институции, како: Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, барањето е доставено на надлежност до наведените институции, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со допис бр.46-2097/2 од 15.2.2024.

3.12.Предмет бр. 46-2154/1 од 7.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Намалување на процентот на субвенција од 91, 51 на 82,4 % на сметките за електрична енергија-струја.

Статус: Бидејќи се работи за проблематика во домен на повеќе институции, како: Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, барањето е доставено на надлежност до наведените институции, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со допис бр.46-2154/2 од 15.2.2024.

3.13.Предмет бр. 46-2158/1 од 7.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Намалување на процентот на субвенција од 91, 51 на 82,4 % на сметките за електрична енергија-струја.

Статус: Бидејќи се работи за проблематика во домен на повеќе институции, како: Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, барањето е доставено на надлежност до наведените институции, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со допис бр.46-2158/2 од 15.2.2024.



3.14.Предмет бр. 46-2321/1 од 13.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Договорите на правните советници, лицата кои учествуваат во оперативните групи и координаторите на стратешките инвестициони проекти: Митилинеос когенеративна постројка - Скопје, Соларна електрична централа - Пехчево, Соларен парк Стилион, Аим Греен Тецх.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр.46-2321/2 од 1.3.2024, со образложение: За склучените договори помеѓу Владата и правните советници за инвестиционите проекти, Законот за стратешки инвестиции не предвидува склучување на ваков тип на договори. Во врска со членовите во оперативните групи, по функции, се предвидени во Законот за стратешки инвестиции, односно: „Се формира оперативна група за секој поединечен проект за стратешки инвестиционен проект чии членови се избираат од редот на вработените административни службеници од институциите членови на Комисијата како и експерти од областа на соодветниот стратешки инвестиционен проект". Владата од редот на членовите на Комисијата определува координатор одговорен за стратешкиот инвестиционен проект кој има утврден статус согласно наведениот закон и се определува согласно областа во која работи и ресорното министерство под кое таа област припаѓа. За координатор на наведените инвестициони проекти е определен министерот за економија, поради тоа што сите наведени проекти се од областа на енергетиката, ресор кој го води и е во надлежност на Министерството за економија.

3.15.Предмет бр. 46-2322/1 од 13.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Прашањата во врска со стратешките инвестициони проекти за периодот од 20.02.2020 до 12.02.2024 година

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр.46-2322/2 од 1.3.2024, со образложение: Начинот на подготвување и реализација на проектите не се уредува со уредба, туку според Законот за стратешки инвестиции. Деловникот за работа на комисијата не се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија. Собранието на Република Северна Македонија се уште нема изгласано закон за ниту една од стратешките инвестиции кои имаат добиено статус на стратешка инвестиција. За објавување на повиците во меѓународните реномирани економски списанија, е следната состојба: во 2020 година се објавени во Financial Times на 15.05.2020, Wall Street 23.06.2020 и 16.05.2020 во Economist, во 2021 година на 8.05.2021 во Wall street, 04.03.2021 Financial Times, 21.03.2021 Ekonomist Turkey, во 2022 година: 31.01.2022 Financial Times, 08.02.2022 Handelsblatt, 06-19.02.2022 Ekonomy Turkey. Огласот за стратешки инвестиционен проект бил објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.12/2022. Сите одлуки поврзани со проектите се јавно достапни на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија, на линкот, https://vlada.mk/strateski-investicii, а предлог законите со договорите за четирите стратешки инвестиции се во собраниска

процедура, се јавно достапни на веб – страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

3.16.Предмет бр. 46-2567/1 од 13.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Дали Влада донела одлука со која општина Сарај се стекнала со право на градење на простор за паркирање со намена Е1.1-јавни паркиралишта во Општина Сарај на КП бр.10338/1, КП бр.10338/8 и КП бр.10338/9 запишани во имотен лист бр.9813 за КО Сарај, сите во сопственост на Република Северна Македонија

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно со допис бр.46-2567/2 од 1.3.2024, дал образложение дека Владата не донела одлука која била доставена во процедура од Општина Сарај, а се однесува на право на градење на простор за паркирање со намена Е1.1-јавни паркиралишта во Општина Сарај на КПбр.10338/1, КП бр.10338/8 и КП бр.10338/9 запишани во имотен лист бр.9813 за КО Сарај, сите во сопственост на Република Северна Македонија и согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), и барањето е доставено на понатамошна надлежност до Општина Сарај.

3.17.Предмет бр. 46-2778/1 од 27.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Исплатени средства за финансиска поддршка по однос на мерките за инвестиции и конкурентност, во периодот од 2018 -2023 година

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето проследено преку Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно е доставено со допис бр.46-2778/2 од 15.3.2024 на надлежност до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции.

3.18.Предмет бр. 46-2823/1 од 28.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Физибилити студијата за работа на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје

**Статус: Генералниот секретаријат на Владата, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), го достави барањето со допис бр.46-2823/2 од 7.3.2024 на понатамошна надлежност до** Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, **бидејќи** Владата на седниците не разгледувала материјал кој се однесува на



физибилити студија за работата на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

3.19.Предмет бр. 46-2881/1 од 29.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Одлука на Владата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Сарај

Статус: Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, постапувајќи по барањето, врз основа на член 20 став 1 и 21 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), донесе решение бр. 46-2881/2 од 6.3.2024, со кое се укажува дека Владата донела Одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Сарај со бр.41-5719/1 на 24 јули 2012 година, објавена во Службен весник на Република Македонија бр.97 од 31.7.2012 година, односно истата е јавно достапна.

3.20.Предмет бр. 46-2961/1 од 4.3.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:

- Вкупен број на јавни службеници кои во 2023 година учествувале на обуки/ работилници за градење на нивната дигитална писменост со цел поефикасно извршување на службените задачи и опслужување на граѓаните, заедно со датум, наслов и организатор на обуките/ работилниците.
- Вкупен број на е-услуги кои институцијата ги испорача во 2023 година за граѓаните и бизнисите.
- Листа на е-услуги кои институцијата ги испорача во 2023 година за граѓаните и бизнисите, со линк кој води до секоја услуга поединечно.
- Вкупен број на граѓани и бизниси кои во 2023 година ги користеле е-услугите што ги обезбедува вашата институција. Ве молиме вкупниот број да го наведете одделно по е-услуга.
- Листа на е-услуги кои институцијата за прв пат започна да ги испорачува во 2023 година.

Статус: Генералниот секретаријат во делот на првото прашање службеници учествувале на обуки/работилници за дигитална писменост со датум, наслов и организатор на обуките/работилниците, донесе решение бр.46-2961/2 на 21.3.2024, во кое ги достави податоците со кои располага. Во однос на останатите прашања, барањето го доставивме на надлежност до МИОА со допис бр.46-2961/3, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3.21.Предмет бр. 46-2979/1 од 5.3.2024

Барател на информацијата: [redacted]

**Барана информација:**
1.Колку вработени во Министерството за внатрешни работи користат државни станови и
2. Листа на вработени од Министерството за внатрешни работи кои користат државни станови и на кој начин им се доделени

Статус: Генералниот секретаријат на Владата, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), со допис бр.46-2979/2 на 11.3.2024, ги достави на понатамошна надлежност до АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

3.22.Предмет бр. 46-3054/1 од 7.3.2024

Барател на информацијата: [redacted]

**Барана информација:** Доделените средства до невладините организации во 2023 година, од буџетот преку Генералниот секретаријат на Владата

Статус: **Генералниот секретаријат** врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.101/2019), донесе решение бр.46-3054/2 од 21.3.2024, со следното образложение: Во Буџетот на Владата за 2023 година, програма 10-администрација, ставка 463-трансфери до невладини организации, не биле предвидени финансиски средства. Од тие причини, во 2023 година, Генералниот секретаријат не објавил повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации. За прашањето дали се доделени средства поединечно на невладините организации за оваа намена од друга ставка (различна од 463) се констатираше следното: Генералниот секретаријат доделил неповратни средства во износ од 300.000,00 денари на Здружението - Ромски деловен информативен центар во Македонија, заради остварување на јавен интерес во областа на заштита на човековите права и развој на граѓанско општество, врз основа на договор за доделување на средства по основ на донација. Генералниот секретаријат доделил неповратни средства во износ од 1.000.000,00 денари на Здружението – Српски културен центар – Скопје, заради заради организирање на проект „Денови на Свети Сава“, за одржување на „Светосавска академија“, како централна прослава во рамки на манифестацијата за националниот ден на Србите во Република Северна Македонија на 27 јануари, врз основа на договор за доделување на средства по основ на донација.

3.23.Предмет бр. 46-4039/1 на 8.4.2024

Барател на информацијата [redacted]

Барана информација: Дали Владата донела одлука или друг акт за регулирање на месечниот надоместок на приватните специјализанти, во периодот од 2018 година до 2024 година и доколку се донесени акти да се достави копија



Статус: Генералниот секретаријат врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), донесе решение бр.46-4039/2 од 15.4.2024, со следното образложение: Согласно електронската документација од одржаните седници на Владата на Република Северна Македонија, известуваме за следната состојба:

- Владата на седница број 220 одржана на 16.01.2024, донела Програма за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2024 година.
- Владата на седница број 203 одржана на 28.11.2023 година, ја донела Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2023 година.
- Владата на седница број 123 одржана на 1.2.2023, ја донела Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2023 година.
- Владата на седницата број 12 одржана на 8.02.2022 година, донела Програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2022 година.
- Владата на седница број 109 одржана на 14.12.2022 ја донела Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2022 година.
- Владата на седница број 130 одржана на 28.12.2021 го донела новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2021 година.
- Владата на седница број 38 одржана на 12.01.2021, го донела новиот текст на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2021 година.
- Владата на седница број 26 одржана на 07.12.2020, го донела новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи,

други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2020 година.

- Владата на седница број 70 одржана на 19.06.2020, го донела новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2020 година.
- Владата на 173 седница одржана на 28.12.2019, ја донела Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година (најнов текст).
- Владата на седница број 140 на Влада одржана на 18.06.2019, го донела новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2019 година.
- Владата на седница број 114 одржана на 8.1.2019 година, донела Програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2019 година .
- Владата на седница број 107 одржана на 11.12.2018 , го донела новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година .
- Владата на седница број 98 одржана на 30.10.2018, го донела најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година.
- Владата на седница број 58 одржана на 13.03.2018, ја донела Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година (нов текст).
- Владата на седницата број 50 на 23.1.2018 година, донела Програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година.



- Владата на седницата број 48 одржана на 09.01.2018, ја разгледала Информацијата во врска со Иницијативата за изменување и дополнување за Законот за здравствена заштита и на Програмата за едукација на лекари, во насока на тоа медицинската едукација да важи и за здравствени работници од приватните здравствени установи, како материјал за информирање.

  Погоре наведените акти/материјали ги доставуваме во прилог на запознавање во прилог на решението бр.46-4039/2.

3.24.Предмет бр. 46-4107/1 на 11.4.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:

1. Во научен труд објавен пред една година од „пријателски-насочениот кон Кина“ Институт Кина-Централноисточна Европа од Будимпешта се наведува дека македонската влада по испратеното барање 11-1558/1 од 9 февруари 2022 година добила информација од Експорт-Импорт банката од Кина за регулација на долгот со поповолни кредитни услови за Јавното претпријатие за државни патишта поради неможноста да го отплати долгот за кинеските автопати. За какви поповолни услови за исплата на кинескиот долг на автопатиштата станува збор? Што поточно е договорено со Експорт-Импорт банката?

2. Зошто Владата на РСМ крие од македонската јавност дека побарала поповолни кредитни услови за исплаќање на долгот кон Експорт-Импорт банката во 2022 година и зошто не се соопштува информацијата дека Јавното претпријатие за државни патишта не може да го отплати кинескиот долг за автопатите, што е утврдено и со последниот Ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија?

3. Државниот завод за ревизија (ДЗР) во најновиот ревизорски извештај за ЈП за државни патишта вели дека е активирана државната гаранција поради неможност за враќање на ратите од кредитот кон Експорт-Импорт банката од страна на ЈП за државни патишта. Колку од ратите кон кинеската банка досега се отплатени за двата автопати, колку од средствата се обезбедени од државниот буџет преку Министерството за финансии, а колку се платени од ЈП за државни патишта? Кога стигнуваат ратите за плаќање кон кинеската банка и до кога треба кредитот да е целосно исплатен?

4. Во склучениот договор со кинескиот изведувач Синохидро за изградба на автопатите Кичево-Охрид и Миладиновци-Штип е наведено дека местото на арбитража при спорови е Париз, но кое е местото на арбитража при евентуални спорови со кинеската Експорт-Импорт банка во однос на потпишаните договори за кредит за автопатите?

5. Кои опасности-евентуални штети произлегуваат од договорот со кинеската Експорт-Импорт банка во случај на предвремено раскинување на договорот за кредит за автопатите Кичево-Охрид и Миладиновци-Штип?

6. Кои опасности-евентуални штети за ЈП за државни патишта и македонската држава произлегуваат од договорот со кинеската Експорт-Импорт банка во случај на доцнење со исплатата на ратите или слични непочитувања на обврските од договорот?

7. Во ноември 2023 година македонскиот државен врв излезе со најави дека е можно раскинување на договорот за изградба на автопатот Кичево-Охрид со „Синохидро“ и избор

на нов изведувач, но по два месеци се повлековте од ваквата најава. Кои се конкретните причини како Влада на РСМ за откажувањето од овој потег?

8. Доколку државава се одлучи целосно да се повлече од соработката со Кина во изградбата на автопатот Кичево-Охрид, каква е можноста да биде паралелно тужена/доведена пред арбитража и од страна на кинеската Експорт-Импорт банка како кредитодавател и од страна на „Синохидро"како изведувач? Какви се проценките за тоа колкави ќе бидат трошоците при евентуален таков спор за С.Македонија?

Статус: Генералниот секретаријат не располага со конкретните информации со оглед на тоа што потписници на договорите и одговорни за следење на постапките и преземените активности во врска со изградбата на наведените автопатишта се Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта, додека исплатите од државниот буџет ги контролира Министерството за финансии. Во однос на претходно наведеното, барањето го доставивме на надлежност до Министерството за транспорт и врски, ЈП за државни патишта и Министерството за финансии, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3.25.Предмет бр. 46-4154/1 од 16.4.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Писмени документи од работата на комисијата за избор на универзален снабдувач, записници, одлуки, известувања, писмени образложенија и слично.

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-4154/2 од 30.4.2024 го достави барањето на надлежност до Министерство за економија, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19).

3.26.Предмет бр. 46-4155/1 од 16.4.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Целосната документација од постапката за избор на универзален снабдувач за електрична енергија

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-4155/2 од 30.4.2024 го достави барањето на надлежност до Министерство за економија, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19).

3.27.Предмет бр. 46-4156/1 од 16.4.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Целосната коренсподенција помеѓу комисијата за избор на универзален снабдувачсо електрична енергија и Владата на Р.С Македонија од постапката за избор на универзален снабдувач за електрична енергија

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-4156/2 од 30.4.2024 го достави барањето на надлежност до Министерство за економија, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19).



3.28.Предмет бр. 46-4384/1 од 30.4.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр.17-461/39 од 17.12.2009 година и Анексите на договорот

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-4384/2 од 15.5.2024 го достави барањето на понатамошна надлежност до Министерството за здравство, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, со следното образложение: Министерството за здравство ја подготвило Информацијата за прогресот на имплементација на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 и дополнување на одредбите на договорот со склучување на Анекс, и истата информација била поставена на дневниот ред на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на седниците број 58 во 2021 година, додека на седницата број 9 во 2022 година на истата комисија била одложена поради застареност и ненавремено постапување на институцијата, односно истата не е помината на комисијата и на седниците на Владата. Што се однесува до анексите кон договорот, истите не биле во прилог на наведената информација.

3.29.Предмет бр. 46-4883/1 од 5.6.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Договор и проект на изведба за водовод и канализација на булеварот Гоце Делчев број 56 Штип и име на фирма која реализирала проектов

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-4883/2 од 7.6.2024 го достави барањето на надлежност до Општина Штип, која со допис бр.12-3569/2 од 3.7.2024 (наш бр.46-4883/4) не извести дека одговорила на подносителот, а Генералниот секретаријат со решение бр.46-4883/5 од 18.7.2024 дополнително ги доставил податоците со кои располага .

3.30. Предмет бр. 46-5219/1 од 24.6.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Договор од 2015 за длабинска анализа на постојниот систем за привлекување на странски инвестиции и студија со предлог мерки за подобрување на системот со хрватска подружница на консултантска куќа McKinsey Загреб

Статус:Постапувајќи по барањето за информација од јавен карактер, Генералниот секретаријат на Владата, по проверка на сопствената евиденција и документација утврди дека не располага со договор за длабинска анализа на постојниот систем за привлекување странски инвестиции и студија со предлог мерки за подобрување на системот (според наводите склучен во 2015 година) и согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го достави на надлежност до Министерството за финансии – Биро за јавни набавки и Државниот архив на РСМ, да ги доставаат документите до подносителот, доколку се наоѓаат во нивните архиви.

3.31. Предмет бр. 46-5516/1 од 1.7.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Составите на Владите, и министерствата од 1991 – 2024 година и актите/одлуките за нивниот избор

Статус: Генералниот секретаријат согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), донел решение бр.46-5516/2 од 8.7.2024. Податоците за прашањата под точките 1, 3, 4, 6, 7 за составите на Владите со своите членови/министри, потпретседатели, заменици и секретари и акти/одлуки за избор/именување, се јавно достапни и објавени во Службен весник на РМ/РСМ и тоа:

- **Составот и Одлуката за избор на Владата на Социјалистичка Република Македонија/експертска (20 март 1991 година - 4 септември 1992 година) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/ACD37FD3850E45519F33B7E0F3267A30.pdf. https://www.slvesnik.com.mk/Issues/88781E4645074013AC81B936ECE05F24.pdf.
- **Состав и Одлука за избор на Владата на Република Македонија (4 септември 1992 година – 20 декември 1994) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/29E222F36D1D4E4A8C218FAEFF2413CE.pdf https://www.slvesnik.com.mk/Issues/17b20c14431049e1ab45198e93825150.pdf
- **Состав и Одлука за избор на Владата на Република Македонија (20 декември 1994 година – 30 ноември 1998 година) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/ED872E0650A82841A00EF0A47B25F540.pdf.
  - **На 23 февруари 1996 година, Собранието на Република Македонија донело Одлука за избор/ реконструкција на Владата на Република Македонија. Линк и акт-одлука за нејзиниот состав :** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/C5BEBED5CBA14865B8A0D80C65897D35.pdf
  - **На 29 мај 1997 година, Собранието на Република Македонија извршило нова реконструкција на Владата на Република Македонија. Линк и акт-одлука за нејзиниот состав:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6D85922E831C40F3854C411F2298EDE0.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија (30 ноември 1998 година – 1 ноември 2002) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/ACAF5267E92547CAA4647ACC10A583E3.pdf
  - **Реконструкција на Владата на Република Македонија од 19 мај 1999 година со состав и Одлуката за избор можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/1FF293CA2CE54FD0AF0C4AFB746D1B8C.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 27 декември 1999 година) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/691BA2E5719740BD9F4EABAB01EF61ED.pdf



- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 27 јули 2000 година) можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/8A81FFC6246F4893B748CB23B0D2A427.pdf
  - **На 30 ноември 2000 година е извршена промена на пет членови во Владата на Република Македонија со Одлука која може да се види на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/8D32C22797BD4FDF8E09ADE1A78D0F0A.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 13 мај 2001 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/C6F09534ED4846A3BD10E14BEB8B1AF5.pdf
  - **На 30 ноември 2001 година се избрани нови членови во Владата на Република Македонија, односно направена е реконструкција во состав:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/B9462C9686ED48EAB13087AD28197FF1.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 1 ноември 2002 година -2 јуни 2004 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/B84406FD306EA446971BD37F3F7D1BA4.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 2 јуни 2004 до 17 декември 2004 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/E48BB04C5E64FD47B3FB8C35C53D0101.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 17 декември 2004 до 28 август 2006 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/226B2D17B24B584BB3B4B80252D2B3DD.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 28 август 2006 до 26 јули 2008 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/11F2C0539AB0C547A490AC390F5E4BBC.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 26 јули 2008 година до 28 јули 2011 година можат да се видат на линк:** https://web.archive.org/web/20191101052637/http://www.slvesnik.com.mk/Issues/70BDE5BA24ECA548876E0D859D7317E8.pdf
  - **По изборот на Владата, на 11 јули 2009 година, е извршена нејзина реконструкција, Одлуката за избор и составот можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/330901C26E46044180D3EDBDE273CFE2.pdf
- **Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 28 јули 2011 година до 19 јуни 2014 година можат да се видат на линк:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/F0C35079FC12754ABFD04AE427AAC251.pdf
  - **Составите и Одлуките за избор на министри/заменици на министри при реконструкциите во 2013 година можат да се видат на линковите:** https://www.slvesnik.com.mk/Issues/36c1fbab414e40609c305e2fd4ac8818.pdf https://www.slvesnik.com.mk/Issues/837e7dd305e640288b79ffb8cee71c88.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 19 јуни 2014 година до 18 јануари 2016 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/64c0bf2068744111b80f8f8b280c5326.pdf

- На 13 мај 2015 се избрани нови членови на Владата, чиј состав и Одлуката за избор можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/45605e06d1c3416faf3b44b5a8ea4800.pdf

- Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 18 јануари 2016 до 1 јуни 2017 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/d80c154b1be24685b7453be3a800b8fc.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата на Република Македонија од 1 јуни 2017 година до 3 јануари 2020 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/4b95972c6c054366b7c0d95697f0c7e3.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата и Одлуката за избор на заменици министри и дополнителни заменици министри, од 3 јануари 2020 година до 31 август 2020 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/17f71c3134ab4dd699c7f13813427347.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата од 31 август 2020 до 16 јануари 2022 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/77e9a6fe4f5e469ea7a099a800e57eb2.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата од 16 јануари 2022 година до 28 јануари 2024 година можат да се видат на линк: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/42d343ff83254e77a876472139da45cf.pdf
- Составот и Одлука за избор на Владата од 28 јануари 2024 година до 23 јуни 2024 година, можат да се видат на линк: blob:https://www.sobranie.mk/e59f4641-79ad-4f9d-aea4-ed86c856b9ac
- Составот и Одлука за избор на Владата од 23 јуни 2024 година можат да се видат на линк: blob:https://www.sobranie.mk/d2abf59a-77eb-4cac-938b-677a30b6e4a1
- Исто така изборот и составот на Владите се дадени на веб страницата на Собранието на РСМ на линкот или во делот на пленарни седници: https://www.sobranie.mk/search-results.nspx?q=%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D0%BD%D0%B0%20%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0

  - Политичките партии кои ги претставувале лицата избрани во составите на Владата од 1991 до 2024 година, можат да се видат на линковите кои се дел од линкот на Собранието на РСМ во делот на пратеничките состави: https://www.sobranie.mk/pratenici.nspx и на https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D0%BF%D0%B8%D1%81%D0%BE%D0%BA_%D0%BD%D0%B0_%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8_%D0%BD%D0%B0_%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0 , но и во делот на пленарните седници: https://www.sobranie.mk/plenarni-sednici-parlament.nspx.
  - За прашањето под точка 2 за основање и укинување на министерствата од 1991 – 2024 година, укажуваме дека тоа е постапка што се врши со Законот



за организација и работа на органите на државната управа, кој го донесува Собранието на РСМ. Имајќи го предвид наведеното, барањето за точка 2 го доставивме на надлежност до Собранието на РСМ, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Во врска со прашањето под точка 5, кое се однесува на државните секретари кои биле назначени во министерствата од 1991 – 2024 година, и политичката партија која ја претставувале, истото го доставивме на надлежност до сите министерства, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- По однос на прашањето под точката 6, кое се однесува на секретари кои биле назначени во секретаријатите на Владата од 1991 – 2024 година и политичката партија која ја претставувале, истото го доставивме на надлежност до Министерството за европски прашања (претходно Секретаријатот за европски прашања) и Секретаријатот за законодавство, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Во делот на прашањето во точката 6, секретари на Генералниот секретаријат на Владата во периодот од 1991 – 2024 година, се доставени податоците со кои располага Генералниот секретаријат.

3.32. Предмет бр. 46-5891/1 од 10.7.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:Годишен извештај за 2023 на ЗАМП со документација

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-5891/3 од 12.7.2024 согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, го достави барањето на надлежност до Министерството за култура и туризам.

3.33. Предмет бр. 46-6205/1 од 19.07.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Трошоците/фактурите за патувањето, сместувањето и останатите трошоци на сите делегации кои присуствувале на Самитот на НАТО во Вашингтон, САД.

Статус: Генералниот секретаријат со допис бр.46-6205/4 од 23.7.2023 имајќи го предвид предметот на барањето, го достави на надлежност до Канцеларијата на претседателот на Владата, согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информациии од јавен карактер.

3.34. Предмет бр. 46-6601/1 од 29.7.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Записник од седница на Влада на 24.7.2024.

Статус: Генералниот секретаријат со решение бр.46-6601/2 од 30.7.2023, согласно член 20 ставв (1) и 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, известува дека откако записникот ќе биде усвоен на седница на Влада, ќе биде објавен на порталот на Владата, во дел на седници или :https://vlada.mk/vladini-sednici.

3.35. Предмет бр. 46-6852/1 од 1.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Дадена согласност од Владата на: Нотарската тарифа, Тарифата за награда и надомест на другите трошоци за работата на извршителите и Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, во делот на прашањата за согласностите за Нотарската тарифа и Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи

Статус: Генералниот секретаријат врз основа на член 20 став (1) и 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер го констатира следното:

1. Владата на седницата одржана на 6 јуни 2024 година донела Одлука за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување и дополнување на Нотарската тарифа. Одлуката е објавена во Сл. Весник на РСМ бр. 120/24.
2. Во однос на Тарифата за награда и надомест на другите трошоци за работата на извршителите, Владата не донесува Одлука за согласност, бидејќи согласно член 46 став 4 од Законот за извршување, истата ја донесува Министерот за правда.
   - Во овој дел, односно за наведеното прашање, барањето е доставено на надлежност на Министерството за правда, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Во однос на Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, Ве известуваме дека Владата на седницата одржана на 30 јануари 2024 година има донесено Одлука за давање согласност на тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи страна на трговците поединци овластени геодетски трговски друштва за геодетски работи бр. 41-837/8 која е објавена во Службен весник на РСМ бр.25/2024 година од 2.2.2024 година.

Согласно член 21 став (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер: „Имателот на информацијата, информацијата ја дава во бараната форма, освен ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставува".

Погоре наведениот член, упатува дека Одлуката за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување и дополнување на Нотарската тарифа, е објавена во Сл. Весник на РСМ бр. 120/24, додека Одлуката за давање согласност на тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи страна на трговците поединци овластени



геодетски трговски друштва за геодетски работи бр. 41-837/8, е објавена во Службен весник на РСМ бр.25/2024 година од 2.2.2024 година, односно се јавни и достапни за запознавање со нивната содржина.

3.36. Предмет бр. 46-7179/1 од 9.8.2024

Барател на информацијата: Сојуз на Турски НВО на Македонија

Барана информација: Колку вкупно вработени има во Владата од турска етничка заедница и како е распределбата на раководни и нераководни позиции

Статус: Генералниот секретаријат со решение бр.46-7179/2 од 19.8.2024, достави податоци дела во Генералниот секретаријат, од турска етничка заедница има вработено 7 административни службеници, од кои: 1 е државен советник, 1 советник, 4 помлади соработници и 1 референт.

3.37. Предмет бр. 46-7365/1 од 15.8 2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Финансиски извештај за 2022 на Замп и инфо за работата на здружението Замп од Министерството за култура со документација за надзор по осумдесет и осма седница на 9 јануари 2024 на Влада

Статус: Генералниот секретаријат со решение бр.46-7365/2 од 20.8.2024 и бр.46-7365/4 од 3.9.2024 ги достави документите со кои располага.

3.38. Предмет бр. 46-7747/1 од 22.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Листа/список на вработени лица во канцеларија на претседател на Влада, висина на месечен надомест, работна позиција и/или областа на експертиза

Статус: Имајќи го предвид видот на барањето, истото со допис бр. 46-7747/2 од 26.8.2024 е препратено на понатамошна надлежност до Канцеларија на Претседателот на Владата (како посебна служба на Владата одвоена од Генералниот секретаријат), согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

3.39. Предмет бр. 46-7749/1 од 22.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Листа/список на национални координатори на Влада заедно со висината на месечен надомест, вид на работен ангажман, како и област на експертиза

Статус: Имајќи го предвид видот на барањето, истото со допис бр. 46-7749/2 од 26.8.2024 е препратено на понатамошна надлежност до Канцеларија на Претседателот на Владата (како посебна служба на Владата одвоена од Генералниот секретаријат), согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3.40. Предмет бр.46-7751/1 од 22.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Листа/список на советници и на надворешни соработници на Претседател на Влада, заедно со висината на месечен надоместок, вид ангажман работен и област на експертиза

Статус: Имајќи го предвид видот на барањето, истото со допис бр. 46-7751/2 од 26.8.2024 е препратено на понатамошна надлежност до Канцеларија на Претседателот на Владата (како посебна служба на Владата одвоена од Генералниот секретаријат), согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3.41. Предмет бр. 46-7752/1 од 22.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Фотокопија од Информација за состојбата на Пречистителната станица за намалување на загадувањето со шестовалентен хром во Југохром Азар-Јегуновце и потребата истиот да се пренесе на управување на Јавното претпријатие „Колекторски Систем" Скопје

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-7752/2 на 30.08.2024 година со кое во прилог на странката и овозможил пристап до бараната Информација од јавен карактер која била разгледана на 13-тата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2024 година.

3.42. Предмет бр. 46-8634/1 на 16.9.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Податоци за јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините, поточно: Кои (колку) општини аплицирале, со кои проекти аплицирала секоја општина со финансискиот износ за секој проект, кои се неодобрените проекти (посебно за секој проект, нејзиниот износ и од кои општини).

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно со допис бр. 46-8364/2 на 18.9.2024 година , го достави на надлежност до надлежните министерства.

3.43. Предмет бр. 46-8563/1 од 13.9.2024

Барател на информацијата [redacted]

Барана информација: Број, име, презиме на вработени на договор на дело во Генерален секретаријат и за време на Талат Џафери претседателот на Влада



Статус:Генералниот секретаријат, со решение бр.46-8563/2 од 19.9.2024 достави податоци до подносителот, дека нема вработени во моментот на поднесување на договор на дело и немал вработени на договор на дело во време кога технички претседател на Влада бил Талат Џафери.

3.44. Предмет бр. 46-8680/1 на 18.09.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Список на советници и членови на кабинет на вицепремиерите Фетаи за добро владеење и Димовски за политички систем

Статус:Генералниот секретаријат, со решение бр.46-8680/2 од 3.10.2024 достави податоци до подносителот.

3.45. Предмет бр. 46-8982/1 на 24.09.2024

Барател на информација: [redacted]

Барана информација: Број на жени министерки , заменик министерки, државни секретарки, Директорки на Агенции, Инспекторати, Директорати, претседателки на Комисии како и директорки на ЈП во период од 2014 година до 2024 година

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-8982/2 со кое и овозможил на странката пристап до бараната информација со која располага. Додека, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) , со допис број 46-8982/3 од 08.10.2024 година, Генералниот секретаријат го препратил делот од барањето за пристап до соодветните институции кои се иматели на предметната информација:Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерство за финансии, Министерство за економија и труд, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика демографија и млади, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура и туризам, Министерство за јавна администрација, Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за односи меѓу заедниците, Агенција за заштита на личните податоци, Македонска агенција за задолжителни нафтени резерви – Макора, Агенција за квалитет и акредитација на здравствени установи, Агенција за филм на република северна Македонија, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенција за иселеништво на република северна Македонија Скопје, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола, Агенција за вработување на република Северна Македонија, Агенција за катастар на недвижности, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт, Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Агенција за управување со одземен имот, Агенција за стоковни резерви, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, Агенција за остварување на правата на заедниците, Агенција за лекови и медицински

средства, Агенција за електронски комуникации, Агенција за планирање на просторот, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенција за цивилно воздухопловство, Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Агенција за супервизија на осигурувањето, Агенција за пошти, Агенција за администрација, Агенција за разузнавање на Република Северна Македонија, Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, Агенција за квалитет во високото образование, Државен комунален инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државен инспекторат за локална самоуправа, Државен Управен инспекторат, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Инспекциски совет, Инспекторат за употреба на јазиците, Државен инспекторат за животна средина, Државен просветен инспекторат,Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен девизен инспекторат, Државен инспекторат за техничка инспекција, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, ЈП за стопанисување со државните шуми Национални шуми п.о.-Скопје, ЈП Национална Радиодифузија-СКОПЈЕ, Јавно радиодифузно претпријатие НАЦИОНАЛНА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, ЈП за берзанско работење "АГРОБЕРЗА" – Скопје, ЈП за водостопанство „ЛИСИЧЕ" – Велес, ЈП за водоснабдување "СТУДЕНЧИЦА" Кичево, ЈП за стопанисување со хидросистемот „ЗЛЕТОВИЦА" – Пробиштип, ЈП „СТРЕЖЕВО" – Битола, ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје, ЈП за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „ЈАСЕН", ЈП Службен Весник на Република Северна Македонија ц.о.-Скопје, ЈП за државни патишта,Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Комисија за заштита од дискриминација,Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Комисија за хартии од вредност, Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државна изборна комисија, Регулаторна комисија за домување, Државна комисија за жалби по јавни набавки,Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

3.46. Предмет бр. 46-9055/1 на 25.9.2024

Барател на информација: [redacted]

Барана информација: Сите барања, докази, записници иа кти на основа на кои се поведени постапки и донесени одлуките од Владата, за едностран раскин на договори за концесија на дивечот во повеќе ловишта, донесени на седницата одржана на 25.9.2018 и објавени во Сл.весник на Република Македонија бр.180

Статус: Генералниот секретаријат, со решение бр.46-9055/2 од 1.10.2024 достави податоци до подносителот.

3.47.Предмет бр. 46-9439/1 од 30.09.2024 година

Барател на информацијата: Европски центар за Правата на Ромите ( European Roma Rights Centre)



Барана информација: 1.На 16 мај 2023 година, Владата донесе одлука [redacted] обврзувајќи повеќе институции да преземат конкретни мерки. Со својата одлука од 16 мај 2023 година, Владата ги задолжи Владините агенти да формираат работна група од релевантните институции за следење на процесот на спроведување на пресудата. Кои активности се имплементирани од страна на работната група, и колку пати до сега работната група имаше состаноци?
2.Со својата одлука од 16 мај 2023 година, Владата исто така го задолжи Министерството за образование и наука да започне процес на изменување на Законот за основно образование во согласност со размислувањата на Судот во сегашната пресуда, како и препораките на Народниот правобранител и Комисијата во тесна соработка со експертот ангажиран од Советот на Европа. Работната група во рамките на Министерството за образование и наука за оваа цел беше формирана со одлука од 4 април 2023 година. До каде е процесот на изменување на Законот за основно образование и кои активности се имплементирани од страна на работната група, и колку пати до сега работната група организираше состаноци?
3.Со својата одлука од 16 мај 2023 година, Владата исто така го задолжи Министерството за образование и наука да започне процес на развивање на план за десегрегација на учениците во училиштата Г.Д. (Штип) и Г.С. (Битола). Дали планот за десегрегација е готов? Дали може да ни доставите копија?

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно го препратил барањето за пристап до информации од јавен карактер со допис број 46 - 9439/2 од 4.10.2024 година до соодветните институции кои се иматели на предметната Информација – Министерство за образование и наука и Министерство за правда. Притоа со допис бр. 46-9439/3 од 4.10.2024 година го известил за постапеното и Европскиот центар за Правата на Ромите.

3.48.Предмет бр. 46-10188/1 од 15.10.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:

1) Дали договорот за изведба и опремување на 145 спортски сали заведен под дел. бр. 18-55/40 од 18.03.2009 година склучен со ГД ГРАНИТ АД Скопје е раскинат?
2) Доколку е раскинат, кога е известен ГД ГРАНИТ АД Скопје за намерата за раскинување, зошто е раскинат договорот, кога е донесена Одлуката за раскин на договорот и на кој начин е раскинат договорот?
3) Воедно молам да ми доставите копија од Одлуката по електронска пошта.
4) Доколку е спогодбено раскинат, молам електронски да ми ја испратите содржината на спогодбата.
5) Исто така, молам да ми доставите копија од Договорот за изведба и опремување на 145 спортски сали заведен под дел. бр. 18-55/40 од 18.03.2009 година по електронска пошта.

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно го препратил барањето за пристап до информации од јавен карактер со допис број 46 -10188/2

од 21.10.2024 година до соодветната институција која е имател на предметната информација – Министерство за образование и наука.

3.49.Предмет бр. 46-10422/1 од 21.10.2024

Барател на информација[redacted]

Барана информација: Копии од фактури за месеци за месеците јули, август и септември 2024 за исплати под конта 425990 и 425970.

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и со решение бр.46-10422/2 од 8.11.2024 ги достави податоците до подносителот.

3.50.Предмет бр. 46-10426/1 на 21.10.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:Информација во врска со потребата за престанување на Друштвото за приредување на електронски игри на среќа, НОВО ВЛТ ДОО – Скопје и укинување на лиценцата, а поради неправилности во работењето и основани сомнежи за незаконско работење и постапување.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-10426/2 на 05.11.2024 година со кое што на странката и овозможил пристап до бараната информација од јавен карактер.

3.51.Предмет бр. 46-10488/1 од 24.10.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Податоци од сите одлуки на Владата да одобри средства од унгарскиот кредит за 274 проекти во 77 општини, за финансирање на инфраструктурни и капитални проекти врз основа на претходно утврдени критериуми и процедури, односно конкретно, табеларни прикази на: Податоци од проектите на општините кои Владата одлучи да ги финансира (оделно за секоја општина, со името на проектот, вклучувајќи и финансиски износ)

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-10488/2 на 30.10.2024 година со кое што на странката и овозможил пристап до бараната информација од јавен карактер.

3.52.Предмет бр. 46-10977/1 на 1.11.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Листа на одобрени проекти од првиот повик објавен од Министерството за локална самоуправа, во рамки на програмата за финансирање на



капитални проекти, за кои се склучени договори (со информации за име на проект, општина, вредност на доделени средства по проект)

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), и го достави на надлежност до: Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура и туризам, Министерство за транспорт, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за образование и наука, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за спорт.

3.53.Предмет бр. 46-10978/1 на 1.11.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Копии од владините одлуки кои ги основаат договорите за финансирање на капитални проективо општините и ја регулираат распределбата на средствата по ресори и проекти

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), и донесе решение бр.46-10978/2 од 5.11.2024 и ги достави податоците до подносителот.

3.54.Предмет бр.46-12033/1 на 25.11.2024

Барател на информација: [redacted]

Барана информација: Доставете ни информација дали Северна Македонија има номинирано свои претставници во Заедничката работна група за спроведување на услугата Слободен пазар на трудот во Западен Балкан, во рамки на иницијативата Отворен Балкан. Доставете ни ги имињата и презимињата, работните позиции и нивните контакт информации, за секој/а член/ка посебно.

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), и со допис бр.46-12032/2 од 10.12.2024 го достави на надлежност до Министерството за внатрешни работи.

3.55.Предмет бр.46-12033/1 на 25.11.2024

Барател на информација:[redacted]

Барана информација: Прашања за квоти за работни дозволи од 2018 -2024 информација за висината на квотите за издавање на работни дозволи на Северна Македонија.

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), и со допис бр.46-12033/2 од 27.11.2024 го достави на надлежност до Министерството за внатрешни работи.

3.56.Предмет бр.46-12033/1 на 25.11.2024

Барател на информација: [redacted]

Барана информација: Доставете ни информација дали Северна Македонија има номиниран/а или избран[redacted] Балкан. Доставете ни ги [redacted] информации. Доставете информација за секое лице кое е задолжено за имплементација на иницијативата Отворен Балкан во Владата.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донесе решение со бр.46-12035/3 од 13.12.2024 година со кое и овозможил на странката пристап до информациите со кои располага. Додека согласно член од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), со допис број 46-12035/2 од 13.12.2024 година, е препратено до соодветните институции кои се иматели на предметната информација - Министерство за европски прашања и Министерство за финансии.

3.57.Предмет бр 46-12033/1 на 25.11.2024

Барател на информација: [redacted]

Барана информација: Листа на надлежни институции, и одговорни лица задолжени за подготовка и спроведување обврските согласно договорите кои се потпишани и ратификувани во рамки ОБИ одделно, и тоа за: Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на труд во Западен Балкан, Договор за интерконекција на шемите за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан, Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (оеос), Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (оеос)

Статус: Во врска со наведените договори, одговорни институции за спроведување на мерката во Република Северна Македонија се: Министерството за информатичко општество и администрација (Министерство за дигитална трансформација) преку порталот uslugi.gov.mk, во делот на издавање идентификациски број за Отворен Балкан, Министерството за внатрешни работи во делот на издавање матичен број за странци и центрите на Агенцијата за вработување во делот за издавање сертификат за слободен пристап до пазарот на труд, со кој се овозможува вработување во Република Северна Македонија. Што се однесува за надлежноста за извршување на наведените спогодби, согласно член 3 од Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (оеос) и член 3 од Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (оеос), објавени во Службен весник на РСМ, бр.259 на 18.12.2019, Министерството за финансии - Царинска управа се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на обврските од



истите. Генералниот секретаријат нема надлежност за спроведување на обврските кои се пропишани во наведените договори и спогодби, односно не располага со информации за одговорните лица кои го следат исполнувањето на пропишаните активност и врз основа на член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Р.С.Македонија“ бр.101/2019), со допис бр.46-12037/2 од 29.11.2024, го достави на надлежност до: Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за вработување на РСМ и Министерството за финансии – Царинска управа.

3.58.Предмет бр.46-12990/1 од 23.12.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Копии од меѓународно признати сертификати за познавање странски јазик за завршените јавни огласи на Владата на РСМ, кои се однесуваат на :

1.Јавен оглас бр. 01/2024 за избор на директор на Државниот завод за индустриска сопственост

2.Јавен оглас бр. 03/2024 за именување на директор на Управата за наменско производство

3.Јавен оглас бр. 04-2024 за именување на еден државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Струга

4.Јавен оглас бр.08/2024 за именување на Државен правобранител на Република Северна Македонија

5.Јавен оглас бр. 09/2024 за именување на директор на Управата за јавни приходи

6.Јавен оглас бр. 10/2024 за избор на директор на Царинската управа

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19), односно донел решение бр. 46-12990/2 на 31.12.2024 година со кое што на странката и овозможил пристап до бараната Информација од јавен карактер.

3.59.Предмет бр. 46-13130/1 од 26.12.2024 година

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:Информацијата за постапката за јавна набавка на Скенер за контрола на предмети (багаж) при влез во објектот број 16739/2024, за која се бара:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворање на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;

• Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда – Финансиска понуда);

• Извештај за извршена евалуација;

• Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;

• Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;

• Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба; и

• Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-13130/2 на 31.12.2024 година со кое што на странката и овозможил пристап до бараната Информација од јавен карактер.

3.60. Предмет бр. 46-12810/1 од 18.12.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:

1. Дали се одржани три (3) тематски квартални седници на ВРСМ за укажување на недоследности во транспарентноста кај имателите на информациите? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;

2. Дали се подготвени брошури, медиумска кампања и други промотивни материјали од страна на ВРСМ, а во соработка со АЗСПИЈК, здруженијата на граѓани, фондациите и медиумите, а во насока на зголемување на транспарентноста на институциите? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;

3. Дали е креирана годишна листа на транспарентност? Дали се креирани насоки врз основа на Индексот на транспарентност? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;

4. Дали се креирани веб секции на веб страницата на Владата за министрите без ресор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;

5. Дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;



6. Дали е донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете решение за назначеното лице.

7. Дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

8. Дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

9. Дали се направи надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

10. Дали е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

11. Дали е започнато со објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;

12. Дали е започнато со објавување на предлог теми за дискусија на ЕНЕР за актуелни прашања кои се од јавен интерес? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Транспарентност при носење акти и одлуки; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот.

Статус: Генералниот секретаријат го разгледа барањето и во координација со Кабинетот на Заменик претседателот на Владата за добро владеење, постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-12810/2 на 31.12.2024 година со кое на странката и овозможил пристап до бараната інформација од јавен карактер.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање - 3

4.1. Предмет 46-561/1 од 11.1.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Стенографски белешки по т.145 од 181 седница на Владата одржана на 29.8.2023, со мислење на Заменик претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење Славица Грковска

Статус: Генералниот секретаријат постапи согласно член 6 став (1) и член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно донел решение бр. 46-34/2 на 15.1.2024, по направен тест на шетност, со кое барањето се ОДБИВА, бидејќи содржи елементи со соодветен степен на класификација, согласно законските ограничувања кои произлегуваат од член 12 од Законот за класифицирани информации, според кој: Информациите со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на органите на државната и локалната власт основани согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правни лица основани од Републиката или од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, добиваат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА". Оваа ознака не претставува степен на класификација, но до вакви информации не е дозволен пристап, освен исклучоците утврдени во член 94 став 6 од Деловникот за работа на Владата, односно: „Секој член на Владата или директор на друг орган на државната управа кој присуствувал на седницата на Владата и секретарот на Секретаријатот за законодавство може да ги побара на увид стенографските белешки и во делот на негово излагање да изврши стилски и јазични исправки, при што не може да ја менува содржината на своето излагање.....". Во согласност на наведеното и мислењето на Заменик претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење, Славица Грковска, е неделив дел од стенографските белешки и не се третира како посебен документ.

4.2. Предмет бр. 46-2642/1 од 21.2.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација:

1. Име, презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте користени во текот на 2023 година?

2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата на секоја исплата за 2023 година?

3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатското друштво чии услуги сте ги користеле?

Статус: Решавајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од здружението на граѓани- Центар за граѓански комуникации, со полномошник [redacted] Генералниот секретаријат на Владата, со внимание го разгледа барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и постапи согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република С. Македонија" бр. 101/19), односно ДЕЛУМНО ГО УВАЖИ и одговори позитивно на прашањето под реден број 1 и прашањето под реден број 3. Во однос на одговорот на прашањето под реден број 2, одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер, по направениот тест за штетност утврди дека: Согласно член 6 став 1 од Законот се прави исклучок од слободен пристап до информации кои се однесуваат на „Информација, што се однесува на комерцијални и други економски интереси, вклучувајќи ги и интересите на монетарната и фискалната политика и чие давање ќе има штетни



последици во остварувањето на функцијата". Со овој став му се дава право на имателот на информацијата да го заштити јавниот интерес утврден со закон од било каква повреда до која би дошло со откривање на бараната информација од прашањето под реден број 2. Повикувајќи се на меѓународните арбитражни правила на меѓународните арбитражни институции, арбитражните постапки и сите податоци поврзани со нив по постигната согласност/договор помеѓу страните се водат како информации од доверлив карактер. Со тоа што се претпоставува дека со објавување на такви информации ќе има штетни последици во остварувањето на јавниот интерес. Важно е да се нагласи дека арбитражните постапки често се подискретни од судските постапки. Тие им овозможуваат на страните и нивните застапници да ја задржат доверливоста на спорот и доверливоста на склучениот договор за застапување се со цел да го избегнат вниманието на јавноста, што често може да биде на штета на јавниот интерес утврден со закон а воедно може да е и од суштинско значење за кредибилитетот на овие постапки. Арбитражни клаузули за начелата на арбитражната постапка, начелата за трошоците на арбитражната постапка, начелата за поведување на арбитражната постапка, се уредени со меѓународни арбитражни правила, Ратификувани меѓународни Договори на Република С. Македонија и по постигната согласност/договор од страна на странките во спорот и нивните застапници. Токму затоа, објавување на финансиски исплати на приватни субјекти во овој случај адвокатските друштва со кои Република Северна Македонија има склучено договори за застапување пред меѓународните судови, сериозно ќе наштети на постапките кои се веќе во тек, од причина што станува збор за чувствителни информации кои со самото објавување ќе се одразат на соработката со тие адвокатски друштва и ќе дојде до прекршување на доверливоста на веќе постигнатата арбитражна пракса. Штетата која се очекува со објавувањето на бараните информации ќе влијае на професионалната дејност помеѓу двата субјекта, што претставува штета на законски утврдениот јавен интерес и истовремено ќе го намали и угледот на Генералниот секретаријат како логистичко – стручна служба на Владата, а со тоа и на Владата како носител на извршната власт и понатамошно квалитетно јавно сервисирање на нејзините обврски, за што беше утврдено и со направениот тест за штетност. Незадоволен од одговорот подносителот поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под бр.46-2642/3 на 15.3.2024 во Генералниот секретаријат. Во однос на жалбата, Генералниот секретаријат доставил одговор до агенцијата, под бр.46-2642/4 на 21.3.2024, и ја известува дека во целост останува на наводите во обжаленото решение. Агенцијата донела решение со бр.08-58 од 27.3.2024 и заведено со наш бр.46-2642/5 на 8.4.2024 со кое го поништил првостепеното решение и предметот го вратил на повторно постапување во делот на точка 2 од барањето за пристап до информации. Во врска со повторното постапување по барањето, Генералниот секретаријат, донел решение под бр.46-2642/6 на 18.4.2024, со кое се уважува барањето во точката 2 и се доставени податоците до подносителот.

4.3. Предмет бр. 46-7750/1 од 15.8.2024

Барател на информацијата: [redacted]

Барана информација: Хронолошки редослед на настаните и актуелната состојба во врска со поведената арбитражна постапка од страна на Amadeus group and Amadeus development

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација)-1

6.1. Предмет бр. 46-2642/1 од 21.2.2024

Барател на информацијата: Здружение на граѓани - Центар за граѓански комуникации

Барана информација:

1. Име, презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте користени во текот на 2023 година?

2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата на секоја исплата за 2023 година?

3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатското друштво чии услуги сте ги користеле?

Статус: Решавајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од здружението на граѓани- Центар за граѓански комуникации, со полномошник [redacted] Генералниот секретаријат на Владата, со внимание го разгледа барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и постапи согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Репубика С.Македонија“ бр. 101/19), односно ДЕЛУМНО ГО УВАЖИ и одговори позитивно на прашањето под реден број 1 и прашањето под реден број 3. Во однос на одговорот на прашањето под реден број 2, одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер, по направениот тест за штетност утврди дека: Согласно член 6 став 1 од Законот се прави исклучок од слободен пристап до информации кои се однесуваат на „Информација, што се однесува на комерцијални и други економски интереси, вклучувајќи ги и интересите на монетарната и фискалната политика и чие давање ќе има штетни последици во остварувањето на функцијата“. Со овој став му се дава право на имателот на информацијата да го заштити јавниот интерес утврден со закон од било каква повреда до која би дошло со откривање на бараната информација од прашањето под реден број 2. Повикувајќи се на меѓународните арбитражни правила на меѓународните арбитражни институции, арбитражните постапки и сите податоци поврзани со нив по постигната согласност/договор помеѓу страните се водат како информации од доверлив карактер. Со тоа што се претпоставува дека со објавување на такви информации ќе има штетни последици во остварувањето на јавниот интерес. Важно е да се нагласи дека арбитражните постапки често се подискретни од судските постапки. Тие им овозможуваат на страните и нивните застапници да ја задржат доверливоста на спорот и доверливоста на склучениот договор за застапување се со цел да го избегнат вниманието на јавноста, што често може да биде на штета на јавниот интерес утврден со закон а воедно може да е и од суштинско значење за кредибилитетот на овие постапки. Арбитражни клаузули за начелата на арбитражната постапка, начелата за трошоците на арбитражната постапка, начелата за поведување на арбитражната постапка, се уредени со меѓународни арбитражни правила, Ратификувани меѓународни Договори на Република С.Македонија и по постигната согласност/договор од страна на странките во спорот и нивните застапници. Токму затоа, објавување на финансиски исплати на приватни субјекти во овој случај адвокатските друштва со кои Република Северна Македонија има склучено договори за застапување пред меѓународните судови, сериозно ќе наштети на постапките кои се веќе во тек, од причина



DOOEL v RN Macedonia (ICSID Case NO. arb /23/25) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови ICSID

Статус: Генералниот секретаријат донел решение бр.7750/2 на 5.9.2024, со кое ДЕЛУМНО ГО УВАЖУВА барањето со следното образложение:

Во делот на **хронолошкиот редослед на настаните, Ве известуваме за следната состојба**:

1. **На 198та** седницата на Владата одржана на ден **7 ноември 2023** година, усвоена е „Информацијата Од Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на меѓународни правни застапници по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови ICSID Case No. ARB 23/35;
2. **На 204та** седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на дена **6 декември 2023** година беше усвоена „Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за потпишување правни исправи за ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови за ICSID Case No. ARB 23/35, со текст на полномошно за застапување и писма за ангажирање“.
3. **На 212та** седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на дена **26 декември 2023** година беше усвоена „ Информацијата од Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за именување на арбитер во поведената арбитражна постапка од страна на Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/35) пред Меѓународниот центар за решавање на Инвестициски спорови (ICSID)“.

Во делот за **актуелната состојба** во врска со арбитражната постапка, Ве известуваме дека истата е во тек и не е завршена, па повикувајќи се на меѓународните арбитражни правила на меѓународните арбитражни судски постапки, сите податоци поврзани со нив по постигната согласност/договор помеѓу страните, **се водат како информации од доверлив карактер се до целосно завршување на поведената постапка.**

Важно е да се нагласи дека арбитражните постапки често се подискретни од судските постапки. Тие им овозможуваат на страните и нивните застапници да ја задржат доверливоста на спорот и доверливоста на склучениот договор за застапување се со цел да го избегнат вниманието на јавноста, што често може да е и од суштинско значење за кредибилитетот на постапките.

Од таа причина, Генералниот Секретаријат во прилог Ви ги споделува следниве линкови на кои може да ги пронајдете сите достапни информации за јавноста, а се во врска со арбитражната постапка која што е предмет на Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер: https://jusmundi.com/en/document/other/en-amadeus-group-and-amadeus-development-dooel-v-republic-of-north-macedonia-notice-of-arbitration-monday-17th-july-2023, https://icsid.worldbank.org/cases/case-database/case-detail?CaseNo=ARB/23/35

5. Број на неодговорени барања - 0

што станува збор за чувствителни информации кои со самото објавување ќе се одразат на соработката со тие адвокатски друштва и ќе дојде до прекршување на доверливоста на веќе постигнатата арбитражна пракса. Штетата која се очекува со објавувањето на бараните информации ќе влијае на професионалната дејност помеѓу двата субјекта, што претставува штета на законски утврдениот јавен интерес и истовремено ќе го намали и угледот на Генералниот секретаријат како логистичко – стручна служба на Владата, а со тоа и на Владата како носител на извршната власт и понатамошно квалитетно јавно сервисирање на нејзините обврски, за што беше утврдено и со направениот тест за штетност. Незадоволен од одговорот подносителот поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под бр.46-2642/3 на 15.3.2024 во Генералниот секретаријат. Во однос на жалбата, Генералниот секретаријат доставил одговор до агенцијата, под бр.46-2642/4 на 21.3.2024, и ја известува дека во целост останува на наводите во обжаленото решение. Агенцијата донела решение со бр.08-58 од 27.3.2024 и заведено со наш бр.46-2642/5 на 8.4.2024 со кое го поништил првостепеното решение и предметот го вратил на повторно постапување во делот на точка 2 од барањето за пристап до информации. Во врска со повторното постапување по барањето, Генералниот секретаријат, донел решение под бр.46-2642/6 на 18.4.2024, со кое се уважува барањето во точката 2 и се доставени податоците до подносителот.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата-0

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата-0

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање -0

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање-0

**НАПОМЕНА:** Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

________________

(место и датум)

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Игор Јанушев

______________________

**(Имател на информации-печат)**

______________________

**(службено лице – потпис)**